**ЗАПИСНИК**
**од 42-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 08.11.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, Лазар Трајчев, м-р Алма Машовиќ, Селвер Ајдини и д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Александар Џуваревиќ, Маја Дамевска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 42-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за" го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 8-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.11.2019 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.11.2019 година.
3. Усвојување на Предлог-записник од прво продолжение на 8-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 04.11.2019 година.
4. Усвојување на Предлог-записник од првото продолжение на 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 04.11.2019 година.
5. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје.
6. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка – стока: Горива за потребите на Агенцијата.

што локациски Гевгелија е близу Струмица, а Гостивар до Тетово, па можеби од тие причини се изоставени.

Г-дин Трајчев рече дека се согласува со г-дин Фиданоски. Иако членовите на Советот не ја носат техничката спецификација на набавката туку даваат согласност за спроведување на постапката, но може да дадат одредени сугестии кога веќе во материјалите е приложена на увид. Се согласува дека критериумите треба да бидат подостапни за да може да се јават повеќе понудувачи а не само еден. Исто така рече дека има можност да се побара и попуст иако тие цени се регулирани од Регулаторната комисија за енергетика. Добавувачите даваат одреден попуст на одредена количина и предложи да се провери дали тоа е така. Да не биде целосна цена туку да има дисконт на цената. Обично тоа е околу 2% или 3%, не е голема ставка но сепак е нешто што може да се обезбеди и да и се даде на Агенцијата. И Верна картичките за гориво кога се купуваат од Макпетрол имаат попуст. Набавката сепак е надлежност на Агенцијата и директорот, но кога веќе се објавува спецификацијата, со цел економично трошење на средствата на Агенцијата смета дека може да се доработи оваа спецификација во функција на добивање пониска цена и намалување на трошоците.

Г-дин Трајчевски во однос на Верна картичките рече дека Агенцијата има такви картички но не е сигурен дали се Верна или друг тип на картички. Предвидената цена во Финансискиот план за 2019 година е 381.000,00 денари но на месечно ниво трошоците за гориво не надминуваат 15.000,00 денари, односно станува збор за многу мали количини на трошење на гориво. Оваа сума е максимална што значи дека има месеци кога месечната потрошувачка е под 10.000,00 денари.

Г-дин Петрушевски рече дека Агенцијата нема обврска сите планирани средства да ги потроши бидејќи тоа е една рамка во која може да се движи но нема обврска да ги искористи.

Г-дин Трајчев рече дека Советот дава сугестии, но останува на директорот и на Стручната служба дали ќе ги прифатат. Советот носи одлука за утврдување на потреба за јавната набавка тоа е неспорно, но сепак сугестиите кои што во дискусијата може да ги дадат со одредени идеи, се со цел да помогнат за да се заштедат средства. Службата може да ги земе предвид, да ги разгледа и анализира.

Г-дин Петрушевски согласно дискусиите на членовите на Советот препорача службата сериозно да ги разгледа предлозите. Останува дали ќе ги прифатат или не, тие имаат автономија и Советот не инсистира на тоа. Се изјасни дека без разлика дали ќе ги прифатат предлозите или не, ќе ја поддржи набавката онака како што е предложена бидејќи верува во судот на директорот и службата и верува дека ќе размислат за предлозите кои ги даде Советот.

Г-дин Трајчев рече дека Советот гласа за одлука за давање одобрение за потреба.

Г-дин Петрушевски рече дека се согласува но рече дека не е услов сега да гласаат обратно доколку не внесат промени во спецификацијата. Во секој случај ќе ја поддржи и ќе гласа „за“.

Г-дин Фиданоски рече дека не е спорно тоа. Смета дека едногласна ќе биде одлуката и се согласува со г-дин Трајчев дека сугестиите се добронамерни. Рече дека ќе продолжи во контекст на дискусијата што ја зачна г-дин Трајчев. Има слушнато дека правни субјекти кои што имаат потреба како и Агенцијата за поголема набавка на

количина на гориво, доколку одат со претплата на горивото, односно ако однапред се платат средствата следува одреден дисконт на цената, но не знае кој е минималниот износ што треба да се потроши за да се добие намалувањето. Нема конкретни бројки но како информација ја има слушнато. Од тие причини го прифаќа овој разговор и сугестија.

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска во однос на прашањето на г-дин Фетаи појасни зошто оваа набавка се склучува за период од две години. Објасни дека тоа е така за да се избегне непотребно повторување на постапката. Процедурата е да за секоја постапка прво треба одобрение од Советот, па се отвора јавната набавка, се прибираат понуди, се прават записници, па евалуација, е-аукција и додека се дојде до договор поминува во просек еден месец и половина. Цените на горивото се тие нема да има промена во цена, така што ова е со цел да се избегне повторување на постапката. Навистина нема потреба секоја година да се повторува бидејќи нема да се добие некаква драстично пониска цена како што е случај со други јавни набавки.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-стока: Горива за потребите на Агенцијата, за период од 2 (две) години.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот- стока: Горива за потребите на Агенцијата за период од 2 (две) години е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5559/1 од 27.12.2018 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019-та година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година.

**Точка 7**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлог–одлуката за набавка на угостителски услуги (Денови на медиумска писменост) со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки, објасни дека и покрај тоа што ова може да личи како набавка за директно преговарање, сепак службата се потрудила и обезбедила три понуди

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска објасни дека оваа набавка е поради одржување на Деновите на медиумската писменост, односно дводневната конференција која што ќе ја организира Агенцијата следната недела. Потсети дека Советот е информиран дека јавната набавка која што беше предвидена за организација за Деновите на медиумската писменост беше неуспешна. Во таа насока сите работи кои се потребни настаните успешно да се организираат се премостуваат на друг начин. Сегашната набавка се однесува на понуда за кетеринг бидејќи конференциите се повеќе часовни и има предвидено пауза за ручек. Добиени се три понуди и предложено е да се избере најповолната понуда со најниска цена.

Г-дин Фиданоски рече дека иако како што кажала раководителката Љубевска набавката беше неуспешна но манифестацијата досега според негови лични критериуми е успешна, има добар одзив во јавноста и се покажа како потребна. Дводневната конференција е практично финале на оваа манифестација и сигурен е

дека планираниот кетеринг без дилема ќе биде потребен. Рече дека искрено жали што службата на некој начин беше „натерана“ на дополнителни обврски заради таа условно речено пропадната набавка. Претпоставува дека за следниот пат вредноста во спецификацијата ќе се стави на ниво кое ќе биде адекватно за да може друг да го организира сето тоа и службата да може да се посвети на работата за која е и професионално ангажирана во регулаторното тело.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе одлука за набавка на угостителска услуга за Деновите на медиумска писменост, за потребите на Агенцијата, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки, во износ од 59.500,00 денари без пресметан ДДВ.

За реализирање на горенаведената потреба, средствата се обезбедени од Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019-та година.

**Точка 8**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-4850/5**
**19-11-2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**